# Ѕидно сликарство



Остров Санторини

**Овој вид на сликарство е познато и како „фреско“, затоа што сликарите ги бојадисувале ѕидовите врз свеж малтер за да ликовните прикази добијат сјај откако ќе се исуши малтерот, бидејќи боите се впиваат во малтерот**. Во историјата на хеленското ѕидно сликарство зачувани се само ѕидните слики (или фрески) од периодот на минојската и микенската цивилизација (2500 – 1100 г. п.н.е.) на островите Крит и Тера (Санторини), како и гробни фрески од хеленската колонија Пајстум во јужна Италија која ја населувале старите Хелени.



Остров Санторини



Хеленска колонија Пајстум



Остров Крит



За разликата од хеленското, во римското фреско сликарство зачувани се голем број на фрески во античките градови Помпеи и Херкуланеум. Овие два римски града во 79 год. н.е. биле целосно затрупани и конзервирани со вулканска пепел и кал откако избувнала силна ерупција од вулканот Везув. Благодарение на вулканската покривка, римските градови биле целосно сокриени од очите на јавноста приближно 1700 години. По археолошките ископувања откриена е разновидна збирка на фрески прекрасно насликани по ѕидовите на многу римски куќи, дуќани, меани. Тогашните фреско сликари сликале врз влажните ѕидови разни ликови и сцени од митологија, историјата, римското секојдневие, природата и животинскиот свет.













Фрески од римскиот град Помпеи

Mythos е под заштита на Creative Commons
Сопственост на Ненад Начковски
CC BY NC ND